ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 23-1131/6
31.03 2022 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 61 став 5 и член 69 став 1 од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15,192/15, 39/16, 99/18), и член 4 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина ("Службен весник на РМ" број 147/08, 45/11), Општина Велес го објавува следното:

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

за изработка на Нацрт-Извештај за Стратегиска оцена на влијание врз животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г2.1-лесна градежна индустрија-база за производство на асфалт на КП 10455, КО Велес и пристапен пат, Општина Велес.

Податоци и информации:

1. **Назив на органот**: Општина Велес
   **Адреса**: ул. "Панко Брашнар" бр.1 Велес
   **Назив на планскиот документ** Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г2.1-лесна градежна индустрија-база за производство на асфалт на КП 10455, КО Велес и пристапен пат, Општина Велес.
   Краток опис на документот: Од страна на Општина Велес започната е постапка за донесување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г2.1-лесна градежна индустрија-база за производство на асфалт на КП 10455, КО Велес и пристапен пат, Општина Велес.
   Предметната локација зафаќа површина од 1,6 ха. Предметниот плански опфат ги зафаќа катастарските парцели:
   - КП 10455, КО Велес, Општина Велес, а на северната страна се граничи со КП 3436/2, КО Велес, Општина Велес- постоен пат, на источна страна се граничи со КП 2478, КО Велес, Општина Велес, на западната се граничи со КП 2475/3, КО Велес, Општина Велес, додека на јужна страна се граничи со КП 3414/5, КО Велес, Општина Велес, која е река.

   Предмет на изработка ќе биде оформување на нова градежна парцела согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба, компатибилните намени и сообраќајните пристапи, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти до оформена градежна парцела.
2. **Назив и број на документ**: Известување за спроведување на стратегиска оцена со бр. УП1-15-1509/2021 од 14.10.2021г. од Министерство за животна средина и просторно планирање.
3. **Засегнати органи**: Министерство за животна средина и просторно планирање, Општина Велес и Министерство за транспорт и врски.
4. **Редослед на активностите во постапката за донесување на планскиот документ**: Планскиот опфат не е третиран со друга урбанистичка планска документација. За конкретниот опфат издадени се Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија со тех.бр. Y14921 од октомври 2021г.
5. **Засегната јавност:**

-Општина Велес.

6. **Начин на вклучување на засегнатата јавност**: Сите информации во врска со Нацрт-Извештајот за Стратегиска оцена на влијание врз животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г2.1-лесна градежна индустрија-база за производство на асфалт на КП 10455, КО Велес и пристапен пат, Општина Велес ќе бидат достапни на **www.veles.gov.mk**, и во просториите на Општина Велес секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот.
   Граѓаните на посебен формулар може да ги дадат своите забелешки во однос на Извештајот; во рок од 30 дена од денот на објавување.
   Јавната расправа ќе се одржи на 18.04.2022г (понеделник) во просториите на Општина Велес, со почеток во 12 часот.
7. **Дополнителни информации поврзани со изработката на документот:**
   Влијанијата врз животната средина во фаза на изградба на објекти ќе бидат со мал до среден интензитет и со кратко времетраење само за време на изградба на објектот, а заради природата на активностите кои ќе се одвиваат на локацијата (производство) ќе се изготви оцена на влијание врз животната средина каде ќе се опфатат сите влијанија и ќе бидат предложени мерки за нивно намалување или ублажување
   Целта на Стратегиската оцена е да се интегрира заштитата на животната средина и здравјето на луѓето во процес на подготвување и донесување на плански документи преку експертска проценка и проценка на јавноста пред донесување на истите. Реализацијата ќе придонесе кон инфраструктурната опременост и уреденост на просторот, како и економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила.

Одделение за заштита
на животната средина

Раководител

Петре Цилаков